Совет на Општина Делчево
Број 09- 1697/2
07.11.2024 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од одржаната 41.седница на Советот
на Општина Делчево

Седницата се одржа на 22.10.2024 година во Мултимедијалниот центар во Спомен-домот АСНОМ во Делчево, со почеток во 09:20 часот.

На седницата присуствуваа сите 14 членови на Советот.

Оправдано отсутна беше Стефанија Атанасова Јовановски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 41.седница на Советот на Општина Делчево, го предложи следниот

**Дневен ред**

-Усвојување на Записник од 40.седница

1. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа куќа згр. бр. 1 по барање на Ванчо Стојановски;
2. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр. бр. 1 по барање на Даниел Михаиловски;
3. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект гаража згр. бр. 2 по барање на Даниел Михаиловски;
4. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа куќа згр. бр. 2 по барање на Горанчо Гоцевски;
5. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр. бр. 4 по барање на Кирчо Анакиев;
6. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект шупа згр.бр.4 по барање на Мирко Стоилов;
7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект помошен објект, згр.бр.1 по барање на Раде Димитровски;
8. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр.бр.1 по барање на Марјанчо Трајановски;
9. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа, згр.бр.1 по барање на Лупчо Миленков;

**Образлагач:** Андријана Соколовска- помлад соработник за уредување на градежно земјиште.

10.Предлог-Одлука за утврдување на урбанистички план за измена и дополнување на Детален урбанистички план за урбана единица 2. Дел од блок 2.1. Кожара (КП 6017/0) Општина Делчево, плански период 2023-2028-Нацрт план;

**Образлагач:** Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

11. Заклучок за измена и дополнување на Предлог-План на програми за развој на Општина Делчево за 2024 година;

12. Предлог-Одлука за одобрување на План на програми за развој на Општина Делчево за 2025 година;

**Образлагач:** Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам, заштита на ЖС, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР.

13. Квартален извештај за извршувањето на Буџетот за 2024 година за период 01.01.2024-30.09.2024 година со Предлог-Заклучок за усвојување;

14. Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година; (материјалите ви беа доставени претходно);

**Образлагач**: Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Сектор за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци.

15. Предлог-Одлука за парична помош по барање УП1 бр.21-302 од 31.10.2024;

16. Предлог-Одлука за парична помош по барање УП1 бр.21-207 од 25.07.2024;

17. Предлог-Одлука за еднократна парична помош по барање УП1 21-306 од 06.11.2024;

18.Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред беше ставен на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, истиот беше усвоен.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 40.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот беше ставен на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, Записникот од 40.седница беше усвоен.

**Прва точка- Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа куќа згр. бр. 1 по барање на Ванчо Стојановски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Втора точка- Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр. бр. 1 по барање на Даниел Михаиловски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Трета точка- Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект гаража згр. бр. 2 по барање на Даниел Михаиловски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Четврта точка- Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа куќа згр. бр. 2 по барање на Горанчо Гоцевски**;

Точката ја образложи Андријана Соколовска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Петта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр. бр. 4 по барање на Кирчо Анакиев;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект шупа згр.бр.4 по барање на Мирко Стоилов;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Седма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект помошен објект, згр.бр.1 по барање на Раде Димитровски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Осма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа згр.бр.1 по барање на Марјанчо Трајановски;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат,Објект станбена куќа, згр.бр.1 по барање на Лупчо Миленков;**

Точката ја образложи Андријана Соколовска.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Десетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на урбанистички план за измена и дополнување на Детален урбанистички план за урбана единица 2. Дел од блок 2.1. Кожара (КП 6017/0) Општина Делчево, плански период 2023-2028-Нацрт план;**

Образлагач по оваа точка беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој истакна дека со оваа одлука Советот на Општина Делчево го утврдува урбанистичкиот план за ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЕДИНИЦА 2, ДЕЛ ОД БЛОК 2.1 КОЖАРА (КП6017/0), ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО тех.бр У-57/23 од септември 2024 г. ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2023-2028 – НАЦРТ ПЛАН.

Урбанстичкиот план е изработен според одредбите за спроведување на Генерлниот урбанистички план на град Делчево. Станува збор за приватна иницијатива со која сосственикот сака да направи дооформување на парцели за изградба на објект со намена Г1 тешка загадувачка индустрија.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој го праша образлагачот каков објект ќе биде тоа што планира да се гради?

Горан Петровски рече дека во моментов не може да го каже кои се намени спаѓаат во Г1, а каков објект ќе биде, нема информација, едноставно инвеститорот бара само измена на ДУП.

Гоце Попов, праша дали образлагачот може да каже кои се намени спаѓаат во Г1 ?

Горан Петровски рече дека во моментот не може точно да ги каже, мора да провери.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево, не ја донесе оваа одлука.

Координаторот на советничката група на СДСМ и коалицијата побара од претседателот на Советот пауза за дополнителна координација.

Беше дадена пауза.

По паузата седницата продолжи со разгледување на точката 11.

**Единаесетта точка-Заклучок за измена и дополнување на Предлог-План на програми за развој на Општина Делчево за 2024 година;**

Оваа точка ја образложи Тони Вангеловски кој истакна дека оваа измена и дополнување се однесува на дополнувањето со проектите кои ќе бидат финансирани од страна на Владата на РСМ, за сите од нив има материјали кои ви се доставени, ако има прашања, повелете, рече тој.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека од образложеniето се гледа дека Владата на РСМ не ги дели општините по партиска линија и дека од вкупно 250 милиони Делчево ќе добе 36 милиони денари за реализација на проекти кои се од витално значење за граѓаните на општината. Тој истакна дека тоа е добро и апелираше до скторот за урбанизам максимално да се вклучат во изготвување на нови проекти бидејќи Владата, предводена од ВМРО ДПМНЕ најавува уше помош за општините.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" (едногласно) Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за измена и дополнување на Предлог-План на програми за развој на Општина Делчево за 2024 година.

**Дванесетта точка-Предлог-Одлука за одобрување на План на програми за развој на Општина Делчево за 2025 година;**

И оваа точка ја образложи Тини Вангеловски истакнувајќи дека образложението е исто освен што оваа Одлука е за 2025 година.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА" (едногласно) Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на План на програми за развој на Општина Делчево за 2025 година;

**Тринаесетта точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот за 2024 година за период 01.01.2024-30.09.2024 година со Предлог-Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Ана Ситновска Димитровска коај истакна дека вкупните реализирани приходи на општината за третиот квартал (јануари-септември 2024) изнесуваат **251.410.601** денари , или **68 %** од вкупно планираните приходи во буџетот на општината. Износот на вкупно реализираните приходи во третиот квартал од 2024 година, споредено со износот на реализираните вкупни приходи во третиот квартал од претходната година покажува зголемување од **13.578.166** денари во апсолутен износ, додека процентот на реализација е помал за **7** процентни поени (пп) во споредба со третиот квартал од претходната година.Процентот на реализација на вкупните тековно оперативните приходи е 68,4%, додека на капиталните приходи е 23%. Приходите во основниот буџет се планирани во износ од 117.839.697 денари а релизирани се 62% односно 72.101.701 денари, и овде имаме намалување за 18% во однос на реализацијата за истиот период од 2023 година. Во буџетот на наменска дотација од планирани 231.246.470 денари приходи , реализирани се 170.652.807 денари односно 74%, незначително во однос на истиот период 2023 година. Во буџетот на самофинансирачки активности реализацијата на приходите е 38% , односно од планирани 13.612.000 денари реализирани се 5.159.577 денари, и овде реализацијата е незначително намалена во однос на истиот период лани.Кај буџетот на донации од планирани 8.847.791 денари, реализирани се 3.496.516 денари или реализација од 40%.

Од анализата на видовите приходи по економска класификација се гледа дека реализацијата кај група **71-даночни приходи** е 61,3%. И во оваа група најголема реализација има кај конто 711(данок од доход, од добивка и од капитални добивки) од 94%. Реализацијата кај конто 713-даноци на имот во третиот квартал е 61%-овде најголема е реализацијата кај данокот на имот од физички лица 72%, од правни лица наплатата е 65%. Реализацијата на група **72-неданочни приходи** во третиот квартал од 2024 е 63%, со најголема реализација од 93% на конто 725-други неданочни приходи .Групата **74-Трансферите и донации** на ниво на вкупен буџет се со реализација од 70 %, додека реализацијата во основниот буџет е 65%

Во капиталниот биланс,**група 73-Капиталните приходи** заклучно со 30.09.2024 година се наплатени во износ од 1.320.013 денари,од вкупно планирани 5.800.000 денари односно 23 %. Во оваа група влегуваат приходите од продажба на градежно земјиште, од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата, понатаму надоместоци за концесии за експлоатација на минерални суровини и надоместоци за легализација. Најголема е реализацијата кај приходите по основ на легализација каде реализацијата е 96% до 30.09.2024 .

Вкупните расходи во целиот буџет се планирани во износ од 371.545.958 денари. Од нив се реализирани 234.460.882 денари или 63%. Износот на вкупно реализираните расходи во третиот квартал од 2024 година, споредено со износот на реализираните вкупни расходи во истиот квартал од претходната година покажува зголемување од 9.920.823 денари, додека процентот на реализација е помал за **7** процентни поени (пп) во споредба со третиот квартал од претходната година.

Во основниот буџет од планирани 117.839.697 денари за расходи, реализирани се 68.745.919 денари или 58%.

Ако направиме подетална анализа по расходни групи ќе видиме дека:

**На група 40-Плати, наемнини и надоместоци** за вработените-реализирани се 175.953.705 денари од вкупно планирани 245.277.140 денари или 72%, овде влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци .

И во овој квартал нема реализација  кај групата 41-Резерви и недефинирани расходи.

Реализацијата во **група 42-Стоки и услуги** е 52 %, односно од предвидени 53.603.951 денари потрошени се 27.706.943 денари, овде влегуваат расходите за патни и дневни расходи, комунални услуги, материјали и ситен инвентар,одржување, договорни услуги и други тековни расходи.

**Во група 45- камати**, реализацијата е 100%.

**Кај група 46-Субвенции и трансфери,** реализацијата е 57% односно од предвидени 7.396.084 денари потрошени се 4.234.778 денари, овде влегуваат трансферите до невладини, спортски клубови, здруженија на граѓани и фондации, стипендии, плаќање по судски и др. решенија.

Реализацијата кај група **47-Социјални бенефиции е** 56%, односно од планирани 850.000 денари заклучно со 30.09.2024 потрошени се 478.215 денари.Овде влегуваат исплатите по основ на еднократна парична помош и помош за новороденчиња.

100% реализација имаме кај група **49 отплата на главница,** тоа се обврски по основ на ануитети за земени кредити за доградба на градинката и за реконструкција на улици.

Капиталните расходи се со процент на реализација од 34% до 30.09.2024, односно од планирани 57.940.483 денари се потрошени 19.709.377 денари. Најголема реализација капиталните расходи имаат во основниот буџет каде од планирани 48.485.583 ден реализирани се 18.757.884 (37%). Исплатите во третиот квартал во делот на капиталните расходи се однесуваат на доисплата на топлински пумпи за АСНОМ, наше учество во изградбата на новата детска градинка, подготовка на елаборати за експропријација, доспеани обврски за изградба и реконструкција на улици, за надзор над изградбата, изработка на проектни документации за реконструкција на локален пат Косово Дабје-Бигла-Турија,за изградба на потпорен ѕид кај детска градинка, техничка документација за атмосферска канализација во Милково Брдо и централно подрачје и тн.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

За збор се јави Иван Гоцевски кој имаше забелешка на материјалите поврзани со оваа точка (само 2 листа хартија, нема аналитика, различен фонт и сл) и праша како ќе се реализира до крајот на годината 92% или народски кажано 100% од ако се има предвид дека досега се реализирани само 8%. Од буџетот на самофинансирачките активностиТој заклучи дека капиталните расходи кои зависат само од средства на општината се реализирани само 8%.

Ана С.Димитровска рече дека овој терк на извештај е ист како што се праќа во Министерството за финансии, што се однесува до различниот фонт, во иднина ќе се внимава да нема вакви пропусти. Што се однесува до малиот % на самофинансирачки активности, таа рече дека тоа се однесува на буџетските корисници (училишта, детска градинка, не се однесува на Општина Делчево (ЕЛС Делчево.)

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а  точката беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот за 2024 година за период 01.01.2024-30.09.2024 година.

Четиринаесетта точка-Измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година;

Образлагач и по оваа точка беше Ана Ситновска Димитровска-Раководител на Сектор за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци. Таа рече дека со Одлуката за измени и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година, извршени се измени и дополнувања на Буџетот на општината, односно извршено е зголемување на вкупниот буџет за износ од 34.525.565 денари , односно зголемување од 8,5 %, и вкупниот буџет ќе изнесува 406.071.523 денари.

Вкупните приходи во основниот буџет се зголемени за износ од 22.199.083 денари. Зголемувањето произлегува од пренесено салдо на буџетска сметка од 31.12.2023 година во износ од 791.150 денари, понатаму разлика во дотацијата од ДДВ во износ од 8.767.327 денари, понатаму зголемување за 11.840.606 денари на конто 741112 трансфери од други нивоа на власт преку склучени договори со Бирото за регионален развој за набавка на метачка (2.400.000 денари), Договор со Министерство за култура по Одлука за распределба на капитални дотации за проект Реконструкција на фасада и замена на надворешна столарија на Спомен дом АСНОМ (2.450.000 ден.); Договор со Министерство за животна средина и просторно планирање за реализација на проект Водоснабдување на населба Пролет во износ од 6.000.000 денари; понатаму доделени средства од 990.606 денари доделени од страна на Министерство за транспорт од Потпрограмата 11-Поддршка на имплементацијата на Декадата и стратегијата на Ромите за проект Реконструкција на улица Илинденска до спој со улица Солунска, и дополнителни 800.000 денари се ставени на конто 741211-капитални трансфери, по барање на Министерството за финансии заради потребата од измена на Годишниот план за јавни набавки и распишувањето на тендерите за новите проекти доделени со Одлука на Владата а се однесуваат на :

- Регулација на дел од река Габровчица;

- Реконструкција на улици во населба Ново Делчево;

-Реконструкција на улица Гоце Делчев;и

-Реконструкција на ул.Вељко Влаховиќ.

Во буџетот на самофинансирачки активности имаме зголемување за 1.000.000 денари и ребалансираниот износ изнесува 14.612.000 денари. Во буџетот на дотации зголемувањето е за 11.493.869 денари и сега буџетот изнесува 242.740.339 денари. Во материјалите што ви беа доствени износот на буџетот на дотации беше 241.253.339 денари, меѓутоа во меѓувреме стигна известување од Министерството за образование и наука, каде со Заклучок на Влада бр.41-10500/2 од 24.10.2024 се врши нова распределба на блок дотациите за основното и средното образование. Со новата распределба имаме зголемување на дотациите за 500.000 денари кај средното образование,а за 987.000 ден кај основните училишта во Општина Делчево, или зголемување на буџетот на дотации за дополнителни 1.487.000 денари. Ова зголемување на дотацијата е поврзано со зголемувањето на платата на вработените во образование.

Таа истакна дека промена во однос на првично доставените материјали има и во буџетот на дотации. Сега истиот изнесува 8.680.404 денари, а зголемувањето се должи на одобрени две донациски сметки, едната за ООУ Ванчо Прке во износ од 112.500 денари, другата е за гимназијата за одобрен проект во рамките на програмата Ерасмус + во износ од 2.891.976 денари, или вкупно зголемување

на буџетот за донации за дополнителни 3.004.476 ден. Што се однесува до билансот на расходите, истиот изнесува 406.071.523 денари, и износите се менуваат како што следува во Предлог -Одлуката за измени и дополнувања на буџетот за 2024 година. При анализата на основниот буџет ќе видиме дека и билансот на расходи се зголемува исто така за 22.199.083 денари, како и билансот и приходи, додека расходите во вкупниот буџет се зголемуваат за 34.525.565 денари. Од анализата на расходниот дел на основнот буџет може да се види дека во делот на група 40 плати и надоместоци имаме намалување на расходите за 1.333.400 денари, Позначително зголемување од 5.546.664 денари има кај група 42 стоки и услуги. Во група 45-каматни плаќања имаме зголемување за 300.000 денари, недостасуваат за доплата на каматата по основ на кредитот за реконструкција на улици. Група 46 и 47 износите остануваат скоро исти како во планираниот буџет. Кај капиталните расходи имаме најголемо зголемување за 17.658.926 денари, најмногу на конто 482-други градежни објекти, за екпропријација се предвидени плус 2.000.000 денари и кај конто 486-купување на возила зголемен е износот на 2.700.000 денари.

Во посебниот дел од буџетот се дадени сите измени и дополнувања по ставки, програми и потпрограми, доколку има прашања, повелете рече таа.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека ако се погледне делот на буџет на наменска дотација се забележи значително зголемување и праша зошто има зголемување и на што се однесува тоа зголемување?

Ана С.Димитровска рече дека тоа зголемување се должи на зголемување на дотациите од МОН за 500.000 денари кај средното образование,а за 987.000 ден кај основните училишта во Општина Делчево, или зголемување на буџетот на дотации за дополнителни 1.487.000 денари. Ова зголемување на дотацијата е поврзано со зголемувањето на платата на вработените во образование.

Иван Гоцевски рече дека тоа практично значи дека има зголемување на наменската дотација благодарение на Владата на РМ.

Претседателот на Советот, Гоце Попов праша дали советниците на ВМРО ДПМНЕ се спремни да гласаат за овој ребаланс имајќи предвид дека Владата преку МОН ја зголемила наменската дотација за основното и средното образование?

Сашко Ивановски праша зошто се намалуваат средствата за трансфери до невладини организации и спортски клубови?

Ана С.Димитровска рече дека ќе бидат вратени повторно, а ќе се скрати од друга ставка во Програма Ф1-урбанистичко планирање.

Претседателот на Советот се јави за збор и рече дека од претходната точка се гледа дека процентот на реализација на ставката за трансфери до НВО-и и спортски клубови е многу мал/низок и Секторот за финансии треба да направи напори да ги исплати спортските клубови и невладините организации врз основа на донесените одлуки од Советот.

Иван Гоцевски праша зото е зголемен износот на потставката 480140-купување информатичка опрема и што ќе се купува, како и на потставката 425940?

А.С.Димитровска рече дека тоа зголемување се предвидува кај училиштата, сигурно ќе набавуваат нешто што им е потребно.

Иван Гоцевски истакна дека ако убаво се погледне Ребалансот може да се види дека Општина Делчево без средствата од Владата и други извори нема да може ниту плата да исплатува, а не да реализира капитални проекти. Тој предложи 3 предлога за измени и дополнувања на Буџетот:

-100.000 денари од потставката 423410 пијалоци и прехранбени продукти да се префрлат на потставката 464110-стипендии за ученици;

-На потставката 424510 зелени површини, да се додадат 100.000 денари, а да се одземат од потставката 420220 патување во странство, и

-да нема намалување на потставката за трансфери до НВО и спортски клубови

Во врска со овие предлози беше побарана уште 1 пауза за консултација на советничките групи.

По паузата на гласање беше ставен предлогот на Иван Гоцевски за да нема намалување на потставката за трансфери до НВО и спортски клубови, односно да си остане 1.200.000 ,а не да биде 900.000.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, овој предлог беше прифатен.

На гласање беа ставени **Измените и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година** со претходно прифатениот предлог од Иван Гоцевски.

Со 13 гласа „ЗА“ и 1„ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ги донесе **Измените и дополнувања на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година.**

**Петнаесетта точка- Предлог-Одлука за парична помош по барање УП1 бр.21-302 од 31.10.2024;**

Точката ја образложи Гоце Попов, претседател на Советот кој рече дека до Советот е доставено барање со сите потребни документи за парични средства за опожарени простории и предложи сума од 30.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за парична помош по барање УП1 бр.21-207 од 25.07.2024;**

И оваа точка ја образложи Гоце Попов, претседател на Советот кој рече дека до Советот е доставено барање со сите потребни документи за парични средства за болничко лекување и предложи сума од 15.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе оваа одлука.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за еднократна парична помош по барање УП1 21-306 од 06.11.2024;**

Точката ја образложи Гоце Попов, претседател на Советот кој рече дека до Советот е доставено барање со сите потребни документи за парични средства за помош на социјално загрозено смејство/невработени лица и предложи сума од 15.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Едногласно со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

**Осумнаесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

<u>Иван Гоцевски, До Градоначалникот на Општина Делчево и директорот на ЈКП „Брегалница“</u>

1. Пред неколку денови ја информиравме делчевската јавност за монструозен чин поврзан со работењето на ЈКП „Брегалница“-Делчево кој ја потресе делчевската јавност. Се уште немаме одговор од вас (г-дин Трајковски и г-дин Стојковски), па прашуваме дали се вистинити тврдењата во јавноста дека поради засега непознати причини наш сограѓанин бил погребан на непозната локација во близина на градските гробишта?

Доколку то а е точно, кои се причините за истото, кој го дозволил тоа и дали ќе сноси одговорност?

2.Колку изнесува во проценти загубата на вода која ЈКП „Брегалница“ ја регистрира во 2024 година задклучно со денес?

3. Дали е вистина дека вработените во ЈКП „Брегалница“ не ги добиваат редовно своите чесно заработени плати? Дали е вистина дека со вашето несовесно и недомаќинско работење го доведовте во тешка финансиска ситуација ЈКП и дали е точно дека е доведено во прашање неговото непречено функционирање?

4.Дали е вистина дека состојбата на ЈКП „Брегалница“ е дотолку сериозна што нафтата наменета за функционирање на општинските возила завршува во возилата на ЈКП под надзор на лице вработено во Општина Делчево и кое важи за лице од голема доверба на градоначалникот?

<u>Иван Гоцевски, До Градоначалникот на Општина Делчево и директорот на СОУ „М.М.Брицо“</u>

1.Дали сметате дека сумата потрошена за реконструкција на тоалетите во гимназијата е реална? Дали се согласувате со нашето размислување дека со оваа сума реално може да се купи куќа во центарот на Делчево? Градоначалниче, до кога ќе молчите за криминалите на кадрите поставени од Вас? Бараме да ни биде доставена комплетна документација за реконструкцијата на тоалетите?

2. Дали е вистина дека наставен и ненаставен кадар од гимназијата за време на учебната 2024/2025 година неколку пати отсуствувал од работа поради смејни прошетки во странство и дали е вистина дека и Вие градоначалниче и Вие директорке, сте биле дел од истите екскурзии?

Иван Гоцевски, До Градоначалникот на Општина Делчево

1.Дали Општина Делчево поднесе проект за изградба на улици во населба „Ѕвегорска река“ во проектот за помош на Владата на РСМ на општините за капитални проекти?

2. Дали е точно дека возило на Општина Делчево било одземено од МВР поради тоа што долго време не било регистрирано? Колкава казна Општината ќе треба да плати за ваквото недомаќинско стопанисување со општинскиот имот?

3. Се погласни се прашањата во јавноста за тоа каков објект ќе изникне веднаш зад фудбалското игралиште на Голак?

Со исцрпувањето на дневниот ред, 41.седница заврши со работа во 11:06 часот.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Гоце Попов

Записникот го водела

Снежана Трајкова